**20221181603**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17 мај 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 28/22, 64/22 и 88/22), во делот II во табелата по подмерката 1.17. се додаваат две нови подмерки 1.18. и 1.19. кои гласат:

„

| | |
|---|---|
| 1.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за оризова арпа предадена во регистрирани капацитети за откуп |
| 1.19. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7. за јаболка предадени во преработувачки капацитети |

“

II

Во делот III во табелата по подмерката 2.19. се додава нова подмерка 2.20. која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 2.20. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.12. за женски приплодни грла-маторици кои се одгледуваат во одгледувалишта кои ги исполнуваат условите за биосигурност |

“

III

Во делот XV во табелата во мерката 1 по бројот „1.17.“ се додаваат броевите „1.18., 1.19.“.

Во мерката 2 по бројот „2.14.“ се додава бројот „2.20. “ .

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3836/1
17 мај 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.